Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Гроуп
**- Управен одбор -**
Број 0203 -8561/3
01.12.2014 година

Врз основа на член 417 од Законот за трговските друштва, член 66 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување, член 59 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп бр.0201-977/3-1 од 25.02.2014 година (во понатамошен текст: Друштвото), одредбите од Правилникот за работатата **Управниот одбор** на Друштвото на својата **44та** редовна седница, одржана на **01.12.2014 година**, ја донесе следната:

# ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена на Статутот на Друштвото бр.0201-977/3-1**
**(Пречистен текст) од 25.02.2014 година**

1. Во Статутот на Друштвото бр.0201-977/3-1 од 25.02.2014 година се вршат измените како во точка 2 до точка 14 од оваа Одлука.

2. Се менува ставот 1 од членот 31 и по извршената измена истиот гласи: "**Надзорниот одбор се состои од 5 члена кои се избираат од страна на Собранието на Друштвото, со јавно гласање, од кои најмногу 1/4 од членовите се именуваат како независни членови согласно закон. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 5 (пет) години со право на реизбор**".

3. Се менува ставот 2 од членот 31 и по извршената измена истиот гласи: "**Претседателот на Надзорниот одбор и Потпреседателот на Надзорниот одбор (доколку истиот се избира) се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор, со мнозинство гласови. Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот и Потпреседателот на Надзорниот одбор (доколку истиот е избран) во секое време и да избере нов Претседател или Потпреседател (доколку истиот се избра)**".

4. Во членот 31, по ставот 2 се додава нов став, став 3 кој гласи: "**Надзорниот одбор, од редот на своите членови, може да избере и Потпреседател кој (доколку е избран) во отсуство или спреченост на Претседателот ќе ги извршува неговите надлежности**".

5. Во членот 31, ставот 3 станува став 4, ставот 4 станува став 5, ставот 5 станува став 6, ставот 6 станува став 7, и ставот 7 станува став 8.

6. Се менува ставот 1 од членот 32, и по извршените измени истиот гласи: "**Надзорниот одбор се свикува согласно одредбите од законот, овој Статут и Правилкот за работата на Надзорниот одбор и мора да одржи најмалку 4 состаноци годишно, еднаш на три месеци. Состаноците ги свикува Претседателот или Потпреседателот на Надзорниот одбор (доколку истиот е избран), при што еден од состаноците мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на Годишното собрание. Надзорниот одбор може да биде свикан во секој момент по барање на член на Надзорниот одбор или на Управниот одбор поднесено во писмена форма. Ова барање треба да ги содржи причините и целта за свикувањето. Надзорниот одбор мора да се состане во рок од најмалку 15 (петнаесет) дена од денот кога е поднесено барањето за свикување, ако свикувањето е направено писмено, по факс или електронска пошта.**"

7. Се менува ставот 2 од членот 32, и по извршените измени истиот гласи: "**Надзорниот одбор може да работи и да одлучува кога се присутни мнозинство на членовите вклучувајќи го Претседателот или во негово отсуство Потпреседателот на Надзорниот одбор**

**(доколку истиот е избран) или член на одборот избран согласно став 3 од овој член. Одлуките на Надзорниот одбор се носат со мнозинство гласови од присутните членови. Во случај на нерешено гласање, ќе одлучи гласот на Претседателот или во негово отсуство на Потпретседателот на Надзорниот одбор (доколку истиот е избран) или на член на одборот избран согласно став 3 од овој член.**

8. Се менува ставот 3 од членот 32 и по извршената измена истиот гласи **"Со состаноците на Надзорниот одбор претседава Претседателот на Надзорниот одбор или во негово отсуство Потпреседателот (доколку истиот е избран). Доколку Надзорниот одбор нема избрано Потпреседател, во случај на отсутност или спреченост на Претседателот, со седницата претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор. Членовите на Надзорниот одбор треба лично да присуствуваат на состанокот на Надзорниот одбор.**

9. Се менува ставот 4 од членот 32 и по извршената измена истиот гласи **"За секој состанок на Надзорниот одбор, се составува записник, во кој се наведуваат учесниците, дневниот ред, водената дискусија, донесените одлуки, бројот на гласовите и посебните мислења. Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор кои биле присутни на состанокот и записничарот од состанокот на Надзорниот одбор.**

10. Се менува ставот 1 од членот 36, и по извршената измена истиот гласи: **"Управниот одбор се состои од 3 члена, од кои еден се именува за Претседател на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор истовремено е и Генерален менаџер. Претседателот, Потпреседателот (доколку истиот се избира) и другите членови на Управниот одбор ги именува Надзорниот одбор со мнозинство гласови и имаат права и овластувања согласно закон, овој Статут и согласно Правилникот за работата на Управниот одбор."**

11. Се менува ставот 3 од членот 36, и по извршените измени истиот гласи: **"Членовите на Управниот одбор мора да бидат во постојан работен однос во Друштвото. Правата и обврските на секој член на Управниот одбор се утврдуваат со договор (менаџерски договор), потпишан помеѓу членот на Управниот одбор и Надзорниот одбор преставуван од Претседателот заедно со уште еден член на Надзорниот одбор.**

12. Се менува ставот 9 од членот 36, и по извршените измени истиот гласи: **"Надзорниот одбор може да ги разреши членовите, Претседателот и Потпреседателот на Управниот одбор (доколку истиот е избран) во кое било време и да назначи нови членови, како и нов Претседател и Потреседател (доколку истиот се избира)."**

13. Се менува ставот 4 од членот 55, и по извршените измени истиот гласи: **"Надзорниот одбор е должен годишниот извештај за внатрешната ревизија, придружен со мислење по извештајот, да го стави на дневен ред на Годишното собрание на акционерите, заедно со ревизорскиот извештај на Друштвото.**

14. Оваа одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија, заради добивање на согласност согласно одредбите од Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти на Агенцијата.

15. Секоја одредба на оваа Одлука која е спротивна на одредбите на Законот за трговските друштва и Законот за супервизија на осигурување, како и било кој друг закон или подзакнски акт е ништвна, а во таков случај се применуваат одредбите од конкретниот закон или подзаконски акт.

16. Оваа Одлука ќе се достави како предлог одлука до Собарниeто на Друштвото.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По претходно поднесен предлог од страна на ацкионерот со квалификувано учество, за изменување на Статутот на Друштвото бр.0201-977/3-1 од 25.02.2014 година, и по заеднички консултации помеѓу Управниот одбор на Друштвото и овластени преставници на акционерот со квалификувано учество, Управниот одбор на Друштвото изработи измени на текстот на Статутот. Предлогот на акционерот беше намалување на бројот на членови на Надзорниот одбор на Друштвото, а заради зголемување на ефективноста и ефикасноста при остварувањето на истите .

Поради претходноспоменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

Бошко Андов